# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 20.3.2017 год.<br>Скопје<br>Број 5 год. XII | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


**март 2017 година**

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Програма за утврдување на изглед на градби на територија на Општина Центар-Скопје од значење за Општината, со Решение за објавување ...................................................... 1 - 4

- Заклучокот за задолжување на Секторот за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје да се спроведе инспекциски надзор, со Решение за објавување .......................... 5 - 6

- Одлуката за утврдување на изглед на градба - пешачки улици и патеки „Кеј 13 Ноември“ на потегот од улицата „Филип Втори Македонски“ до објектот на Телеком, со Решение за објавување .......................................................... 7 - 8

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за утврдување на изглед на градби на територија на Општина Центар-Скопје од значење за Општината**

Се објавува Програмата за утврдување на изглед на градби на територија на Општина Центар-Скопје од значење за Општината,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година.

Бр. 09-1421/3
20.3.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 36 и член 20 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 67 став 8 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009; 124/2010; 18/2011; 36/2011; 54/2011; 13/2012; 144/2012; 25/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016 и 132/2016), Советот на Општина Центар-Скопје на 9-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗГЛЕД НА ГРАДБИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

## I Вовед

Имајќи предвид дека мерките и активностите што се однесуваат на уредувањето и планирањето на просторот, а особено градбите на територијата на Општина Центар-Скопје, го претставуваат и јавниот интерес од значење за Општината, со оваа Програма се утврдува изгледот на градби на територијата на Општина Центар-Скопје што се планирани во централното градско подрачје.

Дополнително, зеленилото и животната средина, а особено активностите што подразбираат зазеленување на слободните површини во централното градско подрачје, се од особен интерес, како за локалната заедница, така и за лицата што гравитираат во централното градско и општинско подрачје, особено ако се земе предвид дека голем број зелени површини се заменети со градби. Оттаму, а поради начинот на кој може да се преземаат мерки и активности од јавен интерес, во надлежност на Општина Центар-Скопје, како и фактот дека територијата на сите општини е ограничена, во смисла на просторни капацитети, целта на оваа Програма е максимално да бидат искористени потенцијалите и ресурсите што се од значење за Општината.

Во централното градско подрачје, кое е презаситено со градби, очигледна е потребата да се утврдат изгледот на новата урбана опрема и новите градби, во смисла на поставување клупи, чешми и жардиниери со дрвја, кои би имале функција на дрвореди, како и поставување жардиниери на постојниот дрворед, покрај кејот на реката Вардар, на улица „Кеј 13 Ноември“, на потегот од улицата „Филип Втори Македонски“ до објектот на Телеком.

Со оваа Програма се дефинираат мерките и активностите што ќе бидат преземени заради поставување на потребните градби и утврдување на нивниот изглед, во согласност со целите што се наведени погоре. Наведени се и планираните активности, описот на градбите, нивниот графички приказ, како и изворите на финансиски средства за реализација на активностите.

## II Планирани активности

Поставувањето жардиниери со дрвја, односно дрворед на улицата „Кеј 13 Ноември", на потегот од улицата „Филип Втори Македонски" до објектот на Телеком, ќе се спроведе на тој начин што ќе бидат ставени на шеталиштето на кејот на Вардар, покрај терасите на угостителските објекти, а предвидени се неколку видови дрвја, соодветни за климатските услови. На почетокот на пешачката улица „Кеј 13 Ноември" од страната на ул. „Филип Втори Македонски" и на крајот од улицата, односно на страната од Камениот мост ќе биде поставена и по една чешма. По должината на шеталиштето на кое ќе бидат поставени жардиниерите ќе бидат ставени 15 нови клупи што ќе служат за одмор на минувачите. На веќе постојниот дрворед, а заради заштита на дрвјата, ќе бидат поставени жардиниери околу дрвјата, како мерка за заштита на постојното зеленило.

Графичкиот приказ е составен дел на оваа Програма.

## III Финансирање на планираните активности

Реализацијата на оваа Програма ќе биде финансирана од средства за таа намена што се обезбедени со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2017 година.

## IV Реализатори на Програмата

Извршители на определените мерки и активности во оваа Програма ќе бидат стручните служби на Општината и заинтересираните лица, во согласност со позитивните законски одредби.

## V Надзор

Надзор над реализацијата на оваа Програма ќе вршат Секторот за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина и Секторот за инспекциски работи, а по нејзината реализација ќе поднесат извештај до Советот на Општина Центар-Скопје.

## VI Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1421/2
20.3.2017 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Мирослав Шиповиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за задолжување на Секторот за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје да се спроведе инспекциски надзор**

Се објавува Заклучокот за задолжување на Секторот за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје да се спроведе инспекциски надзор,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 9-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година.

Бр. 09-1421/5
20.3.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 15 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004 и 158/2011), Советот на Општина Центар-Скопје на 9-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ДА СЕ СПРОВЕДЕ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

**Член 1**

Со овој Заклучок СЕ ЗАДОЛЖУВА Секторот за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје веднаш да спроведе инспекциски надзор за преземени градежни активности на терен на подрачјето на Општина Центар-Скопје на улица „Кеј 13 Ноември“, на потегот од улицата „Филип Втори Македонски“ до објектот на Телеком.

**Член 2**

Целта за задолжувањето е да се спроведе инспекциски надзор преку кој ќе се утврди дали е сторена повреда или пропуст во однос на преземените теренски градежни активности од инвеститорот или од надлежните органи за изградба на улицата.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје преку Градоначалникот на Општина Центар веднаш, а најдоцна во рок од три дена да поднесе извештај за преземените мерки, активности и други заклучоци што се во негова надлежност, а се однесуваат на целта на овој Заклучок.

**Член 4**

Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1421/4
20.3.2017 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Мирослав Шиповиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на изглед на градба - пешачки улици и патеки „Кеј 13 Ноември“ на потегот од улицата „Филип Втори Македонски“ до објектот на Телеком**

Се објавува Одлуката за утврдување на изглед на градба - пешачки улици и патеки „Кеј 13 Ноември“ на потегот од улицата „Филип Втори Македонски“ до објектот на Телеком,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година.

Бр. 09-1443/3
20.3.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 година) и член 67 став 5 и став 8 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр. 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 13/2012; 144/2012; 25/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016 и 132/2016), а во врска со Програмата за утврдување на изглед на градби на територијата на Општина Центар-Скопје од значење на Општината бр. 08-1421/2 од 20.3.2017 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 9-та вонредна седница, одржана на 20.3.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

за утврдување на изглед на градба - пешачки улици и патеки „Кеј 13 Ноември" на потегот од улицата „Филип Втори Македонски" до објектот на Телеком

## Член 1

Со оваа Одлука се утврдува изгледот на градба во согласност со Програмата за утврдување на изглед на градби на територијата на Општина Центар-Скопје од значење на Општината и тоа за:

- пешачки улици и патеки „Кеј 13 Ноември" на потегот од улицата „Филип Втори Македонски" до објектот на Телеком на територијата на Општина Центар-Скопје.

## Член 2

Составен дел на оваа Одлука е скицата на градбата.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1443/2
20.3.2017 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Мирослав Шиповиќ с.р.